Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-531/2
31-07-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-531/1 од 22.07.2024 година, поднесена од лицето [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на [redacted] во Скопје, за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност и државјанство во областа на социјална сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита, од страна на Средното Училиште на Град Скопје „Марија Кири – Склодовска" Скопје, со седиште на [redacted] во Скопје и Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, со седиште на Ул. "23ти Октомври", бр. 11 во Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став (1) точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20), го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-531/1 од 22.07.2024 година, поднесена од лицето [redacted] од Скопје, **ЗАРАДИ НЕНАДЛЕЖНОСТ.**

## О б р а з л о ж е н и е

На 22.07.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на лицето [redacted] од Скопје, за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност и државјанство во областа на социјална сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита, од страна на на работодавачот Средно Училиште на Град Скопје „Марија Кири – Склодовска" - Скопје и Фонд на пензиското и индавлидското осигурување на Северна Македонија.

Во претставката подносителот наведува дека е дискриминиран од страна на работодавачот Средното Училиште на Град Скопје „Марија Кири – Склодовска" - Скопје и Фонд за пензиското и индвалидското осигурување на Северна Македонија. Имено, подносителот наведува дека на крајот на 2016 година му бил даден отказ од страна на работодавачот СУГС "Марија Кири – Склодовска" – Скопје. По завршување на судскиот процес бил вратен на работа со судска одлука на Основен граѓански суд Скопје, потврдена од страна на Врховен суд на Република Северна Македонија според наводите на подносителот. Од тогаш па до денот на поднесувањето на претставката за

заштита од дискриминација во повеќе наврати се обраќал до Фондот на пензиското и инвалидското осигурување и до училиштето во кое работи и денес, работниот стаж за 2017та, 2018та па до февруари 2019 година, да му биде евидентиран во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија. Имено за да биде впишан стажот прво требало училиштето да го пријави за наведениот период во Агенција за вработување на Република Северна Македонија па потоа да помине процедура во Управата за јавни приходи, за да на крај Фондот на пензиското и инвалидското осигурување го впише стажот. Во случај на неповолен исход од наведеното, неговите малолетни деца би имале пензија за 10%, а со оглед на неговата здравствена состојба. Според наводите, дискриминацијата траела подолго време, ова бил втор отказ кој му бил врачен на подносителот и бил принуден неговите права да ги остварува по судски пат и со барања до Народен правобранител и Комисија за спречување и заштита од дискриминација. Нведува дека за проблемот се обратил до Народниот правобранител од каде му било кажано дека истиот бил надминат, но праксата говорела поинаку. Воедно, наведува дека и во 2005та година наместо да ми биде дадено решение на неопределено време, работодавачот СУГС "Марија Кири Склодовска" – Скопје, му врачил отказ па повторно по судски пат бил вратен на работа. На крај наведува дека неговото семејство потекнува од денешен Димитровград каде доминантно население било бугарското па подносителот прашува зошто тоа некому му пречи.

Имено, од наводите во претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не најде дека се изнесени факти и околности од кои е сторено веројатно дека врз подносителот е сторена дискриминација врз наведената дискриминаторска основа и следствено констатира дека нема надлежност за постапување по конкретното прашање согласно нејзините утврдени надлежности со член 21 став (1) од Закон за спречување и заштита од дискриминација.

Имено, во врска со наводите во поднесената претставка, Комисијата го упатува подносителот да побара заштита на своите права кои произлегуваат од работен однос пред надлежни институции, односно Државен инспекторат за труд.

Согласно изнесеното, се одлучи како во диспозитивнот на овој заклучок.

Скопје
27.07.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]
- Архива на КСЗД